РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK

Бр./Nr. 09-398/1    Скопје, Shkup, 03.09 2020 година/viti

# ПРОГРАМА
## за обуки на службени лица за посредување со информации од јавен карактер за 2020 година

## 1. ВОВЕД:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст – Агенцијата) е самостоен и независен државен орган, кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст ЗСПИЈК) ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019). Основната цел на нејзиното постоење е заштитата, унапредувањето и промовирањето на уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Агенцијата, согласно член 30 став 1 алинеа 7 од ЗСПИЈК, како една од своите надлежности, презема и активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат.

Исполнувајќи ги своите законски должности Агенцијата, и во новонастанатите околности предизвикани од пандемијата на вирусот Ковид 19, ќе се прилагоди на истите и ќе продолжи со едукацијата на службените лица кај имателите на информации од јавен карактер на централно и на локално ниво, согласно утврдената динамика во оваа Програма. Имено, Агенцијата во прв план ќе го стави во фокус постапувањето по ЗСПИЈК донесен во мај 2019 година, а чија имплементација започна на почетокот на 2020 година. Од таа причина, со обуките ќе бидат опфатени службени лица за посредување со информации на иматели на информации кои за прв пат се појавуваат на Листата на иматели и службени лица кои се новоназначени во институциите на веќе постоечките иматели на информации, како и службени лица кои, и покрај тоа што посетувале обуки, почувствувале потреба и пројавиле интерес повторно да присуствуваат на нови обуки, односно службени лица од институции за кои Агенцијата констатира дека не биле доволно успешни, или тешко се справувале во постапувањето по барања за пристап до информации од јавен карактер.

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/ Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561/ Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel.?phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс//faks/fax:3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk